# ЗАКОН

## ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ, ИБРД, ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ ЗА ПРЕСТРУКТУИРАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ СЕКТОР И СЕКТОРОТ НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА, ФЕСАЛ 2

### Член 1

Република Македонија се задолжува кај Меѓународната банка за обнова и развој (ИБРД) со заем во износ од 30,3 милиони американски долари наменет за реализација на Проектот за преструктуирање на финансискиот сектор и на секторот на претпријатијата.

### Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од член 1 на овој закон се утврдуваат со Договор за заем по Проектот за преструктуирање на финансискиот сектор и секторот на претпријатијата кој ќе се склучи меѓу Република Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој.

Во име на Република Македонија договорот од став 1 на овој член ќе го потпише Министерот за финансии или од него овластено лице.

### Член 3

Рокот на отплата на заемот од член 1 на овој закон е 17 години со вклучен грејс период од осум години.

Заемот се отплатува во полугодишни рати кои пристигнуваат за плаќање на 15 јуни и 15 декември секоја година, почнувајќи од 15 јуни 2009 година и заклучно со 15 декември 2017.

Секоја рата ќе се определува како производ од вкупниот износ на заемот и процент на отплата на рата врз основа на договорениот амортизационен план.

### Член 4

Каматата на заемот е ЛИБОР+0,85% за првите четири години, односно ЛИБОР +0,75% за периодот по изминатите четири години.

Каматната стапка и во двата периоди ќе биде намалена за 0,50% годишно доколку Република Македонија редовно ги плаќа обврските по главнината и каматата.

Каматата од став 1 на овој член се плаќа полугодишно и тоа на 15 јуни и 15 декември секоја година.

**Член 5**

Република Македонија заемот од член 1 на овој закон ќе го отплатува од Буџетот на Република Македонија.

**Член 6**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".